

# БЕЗБЕДНА СРЕДИНА, СИЛНА ОСНОВА

## "Препораки за безбедна младинска работа"

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

SAFETY FIRST!

# БЕЗБЕДНОСТА НА ПРВО МЕСТО!

## Вештини и компетенции за младинските работници

2022-1-HU01-KA220-YOU-000087578

Co-funded by
the European Union

Финансиран од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се ставови и мислења на авторот/авторите и не мора да ги одразуваат официјалните ставови на Европската Унија или Извршната агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

## 1. За проектот “Безбедноста на прво место!”

Осигурувањето на безбедноста на младите е најважно за поттикнување на истражување на нивните интереси и изразување на мислења. Како што тврди Маслов [1], без основно чувство на сигурност, учењето и развојот се попречени. Срединиите кои не обезбедуваат таква безбедност ја намалуваат нивната ефикасност. Младинските работници играат клучна улога во понудата на физички, емоционално и ментално безбеден простор за младите поединци да развијат вештини, да се вклучат во социјални интеракции со врсниците и возрасните и да го откријат својот уникатен идентитет. За да се постигне ова, младинските работници мора да бидат добро информирани и обучени, опремени со потребните алатки за успех.

Во срцето на нашата иницијатива, проектот Безбедноста на прво место! се фокусира на подобрување на професионалните вештини и знаења на младинските работници. Неговата цел е да осигура дека тие создаваат физички и психички безбедна средина за младите луѓе со кои работаат. Проектот ја нагласува суштинската потреба младите да се чувствуваат безбедни додека ги истражуваат своите интереси и мислења. Безбедноста е предуслов за значајно учење и развој.

Во проектот, сензибилизацијата, подигањето на свеста и давањето на практични алатки одат рака под рака.
Со цел да се одговори на оваа важно прашање, проектот навлегува во збогатувањето на знаењето и чувствителноста на младинските работници. Ова вклучува препознавање и вешто справување со деликатни ситуации кои може да се појават.
Проектот ги поддржува младинските работници и едукаторите обезбедувајќи сеопфатна рамка, која ги опфаќа сите клучни елементи неопходни за нивниот професионален развој. Преку оваа рамка, младинските работници се оспособуваат да прават информирани подготовки и одлуки, создавајќи на тој начин побезбедна, вредна и корисна средина за учење.

---

[1] https://en.wikipedia.org/wiki/Maslow's_hierarchy_of_needs

Проектот „Безбедноста на прво место!“ (Safety First!) е резултат на соработка на стратешки конзорциум составен од експерти и практичари, обединети под заедничката визија за создавање безбедна средина за учење за младите.

**Проектни партнери:**

- Унгарската асоцијација за експресивни уметности и танц терапија (IKTE-Унгарија), како лидер на проектот, обезбедува стручно знаење и практични алатки за емоционална безбедност.
- Цивилна заштита Falchi del Salento (Италија) обезбедува прва помош, подигање на свеста за безбедносни прашања, знаење и искуство.
- Здружението Институт за развој на заедницата ИРЗ (Северна Македонија) обезбедува широко и долгогодишно искуство во младинска работа, работејќи на различни програми со различни целни групи.

Конзорциумот ги споделува своите знаења и искуства во овој проект „Безбедноста на прво место!“. Проектот се реализира преку различни активности: спроведување истражувања, организирање интервјуа со фокусни групи, изработка на препораки, одржување обуки, тестирање на локални образовни активности, развивање на онлајн платформа и кампања за свесност на социјалните мрежи.

Преку серија добро дизајнирани и планирани работни пакети (Work Packages), проектот произведува:

- Препораки за безбедност во работата со млади (што треба и што не треба да се прави, итн.)
- Програма за обука на младински работници за ментална/емоционална и физичка безбедност.
- Онлајн платформа за самостојно учење на темата, која нуди алатки, ресурси, студији на случаи, позадински материјали, итн.
- ● Подигнување на свеста преку социјални мрежи за важноста на безбедноста во работата со млади, што оди подалеку од повикување на 112.

## 2. Безбедноста на прво место! Водич со препораки

Безбедноста не може да се зема здраво за готово и може да биде предизвик да се обезбеди. Врз основа на ова истражување, утврдивме дека за успешно решавање на овие предизвици потребен е повеќедимензионален пристап кој вклучува: соодветни ресурси, континуирана обука, соработка со релевантни засегнати страни и посветеност на приоритизирање на безбедноста и благосостојбата на младите во сите аспекти на младинската работа. Редовната евалуација и континуираното подобрување на безбедносните протоколи и практики се од суштинско значење за да се обезбеди благосостојба и позитивен развој на младите во младинската работа.

Водичот "Безбедноста на прво место" е резултат на сеопфатно примарно и секундарно истражување спроведено во секоја земја-партнер на проектот и содржи сумирани резултати обезбедени од партнерите (истражување на документи, фокусни групи, дебатни маси). Наодите се поддржани и со резултатите од анкетата, заедно со соодветните заклучоци и препораки. Брошурата претставува моќна алатка која им овозможува на младинските работници да ги прошират своите знаења во областа на емоционалната и физичката безбедност во младинската работа.

Исто така, дава увид и ја прикажува состојбата во земјите-партнери во однос на главните целни групи на проектот: младински работници и професионалци кои работат со млади луѓе, и од друга страна млади луѓе на кои им треба физички, емоционално и ментално безбедна средина за развивање на нивните вештини.
Водичот претставува преглед на истражувачките извештаи од секоја земја-партнер, и е дизајнирана да им даде на читателите увид во содржината на извештаите на партнерите.
Развиените препораки, заедно со специјално дизајнираната и тестирана обука, ќе обезбедат сеопфатна основа за младинската работа. Онлајн платформата со практични алатки и примери на случаи ќе биде достапна за самостојно учење, поддржувајќи ја работата на младинските работници.

Младите луѓе се чувствуваат безбедно кога се слушани, препознаени и почитувани. Како што истакна еден од испитаниците во истражувањето: ‚Безбедноста се состои во поставување на вистинските приоритети.' Иако не е секогаш лесно или јасно како да се постават вистинските приоритети, оваа идеја може да послужи како водич и инспирација за безбедност во младинската работа. Следните препораки делумно произлегуваат токму од ова: кои се тие приоритети и како заинтересираните страни можат да им посветат доволно внимание?
Препораките се формулирани врз основа на професионалните сознанија на партнерите и стручњаците кои работеле на овој проект, како и на проблемите и дилемите идентификувани во текот на истражувањето. Целната група на препораките се носителите на одлуки и различните актери вклучени во младинската работа: младински работници, фасилитатори, тренери и, се разбира, самите млади луѓе.

Резултатите покажаа дека менталната безбедност е исто толку важна како и физичката, а на неколку точки овие два аспекти имаат силна поврзаност. Сепак, има малку повеќе препораки за првата, делумно поради профилот на партнерите, а делумно затоа што оваа тема станува се поважна во последниве години.

## a) Што е потребно за безбедна младинска работа?

Сите учесници во истражувањето се согласија за заедничка одговорност за безбедност на младите и младинските професионалци, но со поголема одговорност на младинските професионалци.Врз основа на нивните стручни компетенции, тие треба да можат подобро да ги препознаваат ситуациите и можните потенцијалните ризици. Основните принципи се: не наштетувај, биди конструктивен (или барем не влошувај ја ситуацијата), барај помош кога е потребно.
Дополнително, истражувањето ги истакна следните принципи кои треба да бидат основа за безбедна младинска работа:

**Јасни упатства**

- Развијте сеопфатни политики и упатства кои ги опфаќаат безбедносните протоколи, управувањето со ризиците и соодветното однесување. Коммуницирајте ги овие упатства до целиот персонал, волонтери и учесници во младинските активности. Младинските организации мора да ги идентификуваат соодветните законски обврски и да осигураат дека постојат процеси за нивно спроведување за усогласеност со основните принципи на здравствена и безбедносна заштита.

**Создавање безбеден простор**

- Младинските професионалци имаат одговорност да создадат безбеден и неосудувачки простор каде младите ќе се чувствуваат удобно да се изразат. Создадете поддржувачка и инклузивна средина која ја промовира физичката и емоционалната безбедност. Охрабрувајте отворена комуникација, почитување на границите и нулта толеранција кон малтретирање, вознемирување или било каква форма на злоупотреба. Негувајте култура на прифаќање, почитување и вклученост.

**Заеднички правила**

- Заедничките правила се основа за заедничка работа. Иако се дискутираше за заедничка одговорност, сепак младинските професионалци се во основа одговорни за одржување на поставените рамки. Во текот на истражувањето беше нагласено дека создавањето на заеднички правила не треба да биде рутинска активност, туку треба да биде навистина свесен процес заснован на заеднички вредности.

**Граници и рамки**

- Воспоставете јасни граници за соодветно однесување и осигурајте дека младите ги разбираат и почитуваат. Ова вклучува упатства за комуникација, физички контакт, доверливост и употреба на социјални мрежи. Јасно комуницирајте ги последиците од прекршување на овие граници.

**Комуникација**

- Воспоставете јасни комуникациски канали помеѓу членовите на персоналот, учесниците, родителите и старателите. Развијте и вежбајте протоколи за итни случаи, вклучувајќи процедури за евакуација и контакт информации за итни служби.
- Поттикнете отворена и искрена комуникација со создавање поддржувачка атмосфера во младинските програми.

**Познавање на учесниците**

- Младинските професионалци треба да знаат доволно за учесниците на активностите и нивниот профил. Треба да бидат свесни за спецификите на возраста и физичките, психолошки карактеристики на возрасната група.
- Младинските работници и организации треба да собираат медицински информации, вклучувајќи алергии и итни контакти, за секој учесник.

**Прва помош и медицинска поддршка**

- Обезбедете добро опремени комплети за прва помош лесно достапни во сите простории за младинска работа. Одредете членови на персоналот обучени за прва помош и CRP. Поседувајте ажурирани медицински информации и детали за итни контакти за сите учесници. Неопходните медицински материјали и комплекти за прва помош треба да бидат достапни за време на активностите.

**Безбедни објекти**

- Осигурете дека објектите каде се одвиваат младинските активности се добро одржувани и без опасности. Редовно проверувајте и одржувајте ја опремата која се користи во младинските активности. Осигурете дека таа е соодветна за возраста, во добар технички состојба и ги исполнува безбедносните стандарди. Поседувајте доволно знаење за употреба на алатките (на пр., алатки за активности на отворени простори и сл.).

**Редовна евалуација и адаптација**

- Континуирано оценувајте ја ефективноста на вашите стратегии и интервенции во создавање физичка и емоционална безбедност. Барајте повратни информации од младите и прилагодувајте се соодветно за подобро да ги задоволите нивните потреби.
- Важни елементи на проценка на ризик се учењето од претходните искуства, нагласување на важноста на превенцијата и подготовката, како и преиспитување на процесот доколку е потребно.

Во продолжение се наведени клучните елементи за имплементација во рамките на претходно дефинираните принципи за безбедност:

## б) Можности за учење и обука

Редовни и комплексни можности за учење и обука поврзани со менталното и физичкото здравје за професионалците кои работат со младинци се од клучно значење за да се обезбеди благосостојбата на младите со кои работат и на самите себе. Во скоро сите точки од истражувањето беше нагласена важноста на специфична обука за одредени теми, дополнителните можности за учење за професионалците, како и надгледувањето.Ова е постигнато во различни степени во земјите на проектните партнери. Во однос на темите за обука, се дадени следниве препораки:

**Општи елементи на обука:**

- Обучување на персоналот за свесност за физичкото и менталното здравје.
- Едукација за здрави односи: обезбедување на образование и водич за тоа како изгледаат здравите односи, вклучувајќи ги физичките и емоционалните аспекти како комуникација, согласност, почит и граници.
- Проценка и управување со ризици: идентификување на потенцијални ризици и опасности во различни активности или средини. Проценка на ризикот, стратегии за управување со ризикот и како да се создадат безбедни средини за младинците би можеле да бидат важни теми овде. Исто така, може да биде важно да се подготват сценарија за најлош случај, да се научи од претходните искуства и да се нагласи важноста на превенцијата и подготовката.
- Комуникација и доверливост: нагласување на важноста на јасна и почитувачка комуникација со младинците и другите професионалци вклучени во активноста. Елемент на обука за младинските работници за одржување на доверливоста и почитување на прописите за заштита на податоците. Елементи за учење поврзани со управување со предизвикувачки однесувања и конфликти кај младинците.
- Идентификување на други релевантни професии, експерти и мрежи, така што младинските професионалци ќе знаат каде да се обратат кога ќе имаат потреба.

**Елементи на обука поврзани со физичкото здравје:**

- Прва помош и основна медицинска нега: обезбедување обука за основни вештини за прва помош, вклучувајќи нега на рани, преврски, имобилизација и давање на потребни лекови, како и основни хигиенски практики.
- Одговор на итни случаи: едукација на младинските работници за протоколот за итни случаи. Осигурување дека тие се запознаени со излезите за итни случаи, процедурите за евакуација и комуникацијата за време на итни случаи.
- Елементи на обука поврзани со превенција (на пр. како безбедно да се направи логорски оган, хигиенски правила, итн.)

**Елементи на обука поврзани со менталното здравје:**

- Свесност за менталното здравје: нудење обука за препознавање на знаци на ментални проблеми и како соодветно да се реагира и/или да се побара надворешна помош доколку е потребно. За младинските професионалци може да биде важно да препознаат знаци на злоупотреба или занемареност и процедури за пријавување.
- Професионални граници и самоподдршка: едукација за поставување професионални граници со младинците и практикување самоподдршка. Нагласување на важноста од одржување на сопствената ментална и емоционална благосостојба додека се обезбедува поддршка на другите. Како професионалец, важно е да се биде свесен за сопствените граници и влијание, како влијаете врз младинците.
- Културна чувствителност: таа е еден од клучните фактори за создавање безбедна средина во младинската работа. Разновидноста, промовирање на разбирање и почит за различни културни позадини, верувања и идентитети се клучни теми во обуката на младинските професионалци.
- Динамика на моќта: бидејќи младинските работници имаат привилегирани позиции во животите на младинците. Тие треба да бидат свесни за динамиката на моќта и да можат да создадат средина каде што гласот на секој е вреднуван и почитуван.

**Други можности за учење:**

- Специјални краткорочни и долгорочни можности за учење: како одговор на промените и новонастанатите потреби на целната група, може да има потреба од специфични тематски и образовни можности (на пр. дигитална младинска работа, работа со ЛГБТQ+ младинци, лица со попреченост, лица со ментални здравствени проблеми, итн.).

## в) Самосвест и самоподдршка кај професионалците

Вреди да се напомене дека сите младински работници (помошници) се одговорни за сопственото професионално присуство и секој може да преземе чекори во таа насока, на пример преку саморефлексија, конференции на случај, супервизија и интервизија. Овие практики ќе помогнат во одржувањето и подобрувањето на квалитетот на услугите во младинската работа. Преку редовни супервизии, младинските работници добиваат водич, повратни информации и поддршка од искусни супервизори, што ги поттикнува на рефлексивна пракса. Младинската работа може да биде емоционално напорна, бидејќи младинските работници се справуваат со разни проблеми со кои се соочуваат младите. Супервизијата и интервизијата нудат поддржувачки простор каде што младинските работници можат да ги процесираат своите чувства, да се справат со стресот и да ја одржат својата емоционална благосостојба. Сето ова може да биде можност за континуиран професионален и личен развој.

## г) Соработка со други засегнати страни

IБеше истакнато дека соработката помеѓу различните актери може да биде голем ресурс во младинската работа. Важноста на оваа соработка се гледа на различни нивоа:

- Членови на персоналот: Никој не мора да работи сè сам. Работата во тим може да биде многу плодна.
- Родители, училишта: Вклучете ги родителите и старателите во младинската работа со обезбедување на информации и ресурси. Соработката помеѓу младинските организации, училиштата и учениците може да се подобри со создавање безбедни простори за отворена комуникација и разбирање.
- Други професионалци: Преку тематски форуми, соработката со експерти од различни области може да биде плодна. Воспоставете врски со професионалци од областа на физичкото и менталното здравје. Ова ќе ви овозможи да упатувате млади кои имаат потреба од специјализирана поддршка или интервенција. Организирајте состаноци со НВО кои се специјализирани за справување со небезбедни ситуации или кои работат со слични прашања и проблеми поврзани со темата.

## д) Подигнување на свесноста

Подигнете ја свесноста дека физичката и менталната безбедност се теми кои мора да се земат предвид во младинската работа. Беше истакнато дека темата за безбедност треба да се акцентира и на ниво на одлучувачите, со цел да се обезбедат алатки и структури и поддржувачки систем за практичарите.

## ѓ) Етички кодекс

Оваа тема намерно е ставена на крај при подготовката на препораките. Иако некои младински организации и мрежи имаат добро развиени етички кодекси, тие сепак не се доволно распространети во младинската работа. Ова е особено случај во проектите „Еразмус+“, каде што се случуваат најмногу приказни за небезбедни лични искуства.

Ова потврдува потреба од понатамошна длабинска рефлексија за безбедносни прашања и развој на општо прифатен и применлив етички кодекс. Основната цел на етичкиот кодекс во младинската работа е да осигура безбедност и благосостојба на младите луѓе. Етичкиот кодекс треба да ги постави стандардите за професионализам во младинската работа. Треба да ги дефинира очекувањата за компетентно и одговорно работење.

Постоењето на етички кодекс воспоставува јасни очекувања за однесувањето на младинските работници. Тој треба да ја нагласи важноста за зајакнување на младите и нивно вклучување во процесите на донесување одлуки. Ова им помага на младите да се чувствуваат вреднувани, почитувани и вклучени во програмите и активностите кои се однесуваат на нив.

## е) Заеднички препораки за осигурување на безбедност во младинските програми

Осигурувањето на безбедноста на учесниците и на младинските работници е од најголема важност за успехот и позитивните исходи на младинските програми. Соработничките напори на двете страни се суштински за создавање на средина што поттикнува раст, учење и благосостојба. Следниве интегрирани препораки произлегуваат од колективните сознанија на двете перспективи:

1. **Подготовка и планирање:** Безбедноста и превенцијата на ризици мора да бидат централни размислувања во фазата на планирање на секоја младинска програма. Редовна евалуација на безбедносните мерки, заедно со назначување одговорно лице за справување со прашања поврзани со физичкото здравје, е клучно. Јасни упатства за споделување информации и пристап до база со протоколи за итни случаи се суштински чекори. Сеопфатно запознавање со локацијата, опремата и учесниците овозможува проактивно управување со потенцијалните ризици. Вклучувањето на добри практики за итни случаи и целосно разбирање на локацијата на програмата, опремата и учесниците се суштински чекори.

2. **Комуникација и емпатија:** Ефективната комуникација е клучна. Воспоставете транспарентни линии на комуникација, во комбинација со емпатични врски помеѓу учесниците и младинските работници. Поврзувањето на емоционално ниво и градењето на рапорт воспоставува доверба и поддржувачка атмосфера. Внимателноста кон негативните сигнали и потребите на учесниците создава атмосфера во која загриженостите/грижите можат отворено да се изразат. Ваквата комуникација поттикнува меѓусебна доверба и разбирање.

3. **Обучување и едукација:** Опремувањето на младинските работници со сеопфатна обука е од најголема важност. Ова вклучува вештини за прва помош, стручни вештини за обука и свесност за прашања поврзани со менталното здравје. Редовни сесии за психолошка поддршка и работилници за управување со ризиците го зголемуваат професионализмот на младинските работници, овозможувајќи им вешто да се справуваат со предизвиците. Специјализирани обуки и семинари фокусирани на безбедноста во младинската работа го зголемуваат професионализмот и ги зајакнуваат двете страни.

4. **Почитување на правилата и границите:** Јасно дефинирајте ги и комуницирајте ги безбедносните правила и професионалните, лични граници до сите вклучени во активноста. Едуцирајте ги учесниците за почитувањето на овие правила и важноста од придржување кон упатствата. Следењето на правилата е заедничка одговорност што придонесува за безбедна средина.

5. **Свест и будност:** Будноста во врска со благосостојбата на учесниците, и физичка и емоционална, е суштинска. Никогаш не потценувајте ја важноста на безбедноста и превенцијата. Подготвеноста за итни случаи со добро дефинирани протоколи е основен аспект. Активното слушање и подготвеноста да се адресираат потребите на учесниците придонесуваат за безбедна средина. Професионалецот треба да ги познава своите професионални граници, вештини и никогаш да не ги надминува, туку да ги упатува младите кон надворешна поддршка доколку е потребно.

6. **Соработка и поддршка:** Соработката со надворешни професионалци и експерти додава длабочина на безбедносните практики. Вклучувањето на младите во заедничката одговорност негува чувство на заедница. Застапувањето за достапноста на ресурси за прва помош, основни обуки и безбедни простори дополнително ја унапредува целта за сеопфатна безбедност.

7. **Холистички пристап:** Безбедноста опфаќа физички, емоционални и социјални аспекти, и бара холистички пристап од двете страни. Холистичкиот пристап кон безбедноста препознава дека безбедноста надминува само физичка благосостојба. Тој ги зема предвид различните меѓусебно поврзани аспекти од животот на поединеците за да се обезбеди нивната севкупна благосостојба. Во овој контекст, холистичкиот пристап вклучува адресирање на физичките, емоционалните и социјалните димензии на безбедноста, и бара вклученост и соработка на сите релевантни страни.

8. **Континуиран напредок:** Редовната рефлексија, учењето од искуствата и адаптирањето на програмите врз основа на повратните информации се витални за одржливо подобрување на безбедноста. Мониторингот на благосостојбата на учесниците и спроведувањето на потребните прилагодувања обезбедуваат континуиран напредок.

9. **Лична одговорност:** Поединците исто така играат улога во сопствената безбедност. Треба да бидат охрабрувани да ги изразат своите загрижености, да ги следат безбедносните упатства и да придонесуваат за целокупната безбедност на средината. На младите им недостасуваат и им се потребни алатки и упатства за да дејствуваат во оваа насока, особено во однос на сопствената ментална и емоционална безбедност.

Овие заеднички препораки ја нагласуваат заедничката посветеност на младите учесници и младинските работници да ја одржат безбедноста како основен принцип во младинските програми.

Како заклучок, безбедноста во Европската младинска работа надминува еднодимензионален пристап, опфаќајќи ја благосостојбата на младите и на младинските работници. Наодите од истражувањето/анкетата ја одразуваат неопходноста од колективни напори за застапување на сеопфатни безбедносни мерки. Откривањето на постоечките недостатоци и предизвиците не само што ја нагласуваат итната потреба за промена, туку и го потенцираат трансформативниот потенцијал на обединетото дејствување.

Преку повторно разгледување на физичката безбедност, прифаќање на менталната безбедност, инклузивноста и промена на перспективата, и младите и младинските работници можат да тргнат на патот кон создавање на безбедни и збогатувачки средини за личен развој и заедничко ангажирање. Со препознавање на симбиотичките улоги на сите засегнати страни и застапување за трансформација на пошироко ниво, се осветлува патот кон создавање на безбедни и збогатувачки средини за Европската младина.

SAFETY FIRST!

# БЕЗБЕДНОСТА НА ПРВО МЕСТО!

## Вештини и компетенции за младинските работници

2022-1-HU01-KA220-YOU-000087578

PROTEZIONE CIVILE
VOLONTARIATO
Falchi del Salento
Taurisano - Coord. Lecce

CDI
Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
www.cdi.mk
MACEDONIA

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union